ДЛУМ
Друштво
на ликовни уметници
на Македонија

DLUM
Association
of Artists
of Macedonia

# МАЛ ФОРМАТ

2022

# МАЛ ФОРМАТ 2022

„Инспирацијата постои, но таа доаѓа за време на работата“. (Пабло Пикасо)

Ограничувањето на одреден работен простор не значи дека ние уметниците си поставуваме бариери, но потребата од движење само на раката и прстите создава мали формати на убава уметност. Работејќи доаѓаме до решенија кои не задоволуваат, кои ни значат. Како дел од запис на сонот, како дел од запис на животот, можеби дел од една голема слика која допрва ќе се создаде.

Малиот формат се негува традиционално уште од најраната историја на уметност и цивилизациските потреби на синергија со други креативни процеси.

Изложбата Мал формат на ДЛУМ се одржува прилично долго и е една од омилените меѓу членовите на друштвото. Рамките на димензијата 25x25см е некогаш максимално искористена, некогаш оди под таа димензија и разноликоста во третманот на овие пропозиции ја прави изложбата динамична и атрактивна. Едно вакво групно претставување ја дава можноста за компетитивност и самокритичност, а концептот и темата изостануваат, се со цел слобода на творењето и негување на афинитетите на секој уметник поединечно.

Оваа 2022 година се претставуваат 40 уметници и 55 дела (некои уметници се претставуваат со по две дела), а тоа се:

Ана Ивановска, Ана Спасова, Ангелца Стоиљковиќ, Ацо Таневски, Валентина Илијевска, Дејан Иванов-Маргуш, Дијана Томиќ Радевска, Димитар Солаков, Димитар Филиповски, Душан Георгиевски, Жаклина Глигориевска Кочоска, Златко Глигоров, Зуљеха Зубери Аљи, Ивона Велковска, Илина Арсова, Јана Јакимовска, Јасминка Новковска, Катерина Таневска, Лара Ташковска, Љубица Мешкова Солак, Маја Кировска, Марија Светиева, Марина Лешкова, Марина Убавкова, Мирјана Крстева Масети, Мирослава Микица Трујкановиќ, Нела Јанковска, Пандора Апостоловска Саздова, Перо Кованцалиев, Росица Лазеска, Сашо Саздовски, Силвана Атанасовска, Синиша Новески, Слободан Милошевски, Стефан Јакимовски, Стефан Хаџи Николов, Тања Таневска, Татјана Манева, Христина Зафировска и Шќипе Мехмети.



Илина Арсова, „Еверест“, акрил, 24x10см, 2021



Јана Јакимовска, „Почетокот и крајот“, пепел на платно, 20x20см, 2022